**20141384309**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 32 став 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013 43/2013, 44/2013 и 97/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2014 година донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УЧЕСТВОТО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ И ЛЕКОВИТЕ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги и лековите („Службен весник на Република Македонија" број 48/2001, 52/2001, 17/2005, 47/2005, 86/2007, 102/2007, 151/2007, 9/2009, 22/2009, 65/2010, 20/2012, 26/2012, 54/2012 и 98/2013) во членот 8 став 1 и 2 по зборот „месечен" се додава зборот „нето".

Член 2

Во членот 9, по зборот „вкупниот" се додава зборот „нето".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-12384/10
24 јули 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.